Врз основа на член 28 а во врска член 100 став 1 алинеја 1од Законот за јавни набавки (Службен Весник на РМ бр. 136/07, 130/08 , 97/10 , 53/11 и 185/2011 /,185/2011, 15/2013, 148/2013,28/2014,43/2014,130/2014 и 180/2014), Градоначалникот на Општина Зрновци ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За вршење на јавна набавка**

1. За потребите на општина Зрновци да се изврши **набавка** –Чистење на речно корито на река Брегалница : од потегот на м.в „Мерата К.О Зрновци „ до мв . „ Песоклар„К.О Мородвис - и од потегот на мв. „ Калдрм „ К.О Видовиште до мв. „ Видовиште „ К.О Видовиште , во текот на 2015 година

Набаваката од точка 1 на оваа Одлука не е делива .

2. Вкупната проценета вредност на набавката од т.1 на оваа Одлука изнесува до 300.000,00 денари без пресметан ДДВ ,

Средствата се обезбедени од Министерство за животна средина и просторно планирање . Со Договор бр.03-7727/1 од 05.10.2015 год., на општина Зрновци се доделени 4.000 литри дизел гориво Еуродизел БС согласно Планот за подигање на нафта и нафтени деривати за реализација за чистење на последиците од поплавите во Република Македонија.

3. За реализација на набавката од т. 1 на оваа Одлука ќе се спроведе со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас на веб страната на Бирото за јавни набавки согласно член 100 ст. 1 алинеа 2 од Законот за јавни набавки .

Законот за јавни набавки .

4. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка да биде најниската цена

Со понудата да доставите :

- Документ за регистрирана дејност како доказ дека сте регистрирани да ја вршите дејноста за која бараме набавка,

Општина Зрновци го задржува правото на исклучување на некомплетни понуди.

5. За собирање на понудите се овластува Комисија за јавни набавки во состав од: Блашка Николов - Претседател ; Ленче Илиова - член ; Методи Николова - член . Заменик претседател Симона Гоцева ; Заменици членови :Кристијан Савев и Благој Данев

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

6. Комисијата за јавни набавки од точка 5 на оваа Одлука е должена да ги чува во тајност податоците содржани во оваа Одлука во однос на проценетата вредност , другите одлуки кои се однесуваат за оваа јавна набавка , понудите како и секоја друга информација поврзана со евалуација на понудите

7. Се задолжува комисијата за јавни набавки да ја спроведе оваа Одлука .

8. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**ОПШТИНА ЗРНОВЦИ**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Блаже Станков**

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Набавувач:

ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Број и датум

09-624/1 од 15.10 .2015 год.

**Покана за поднесување понуда**
Набавувач ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Ул. Илинденска бр. бб Зрновци

Тел.број 033,353 - 102 ;075 389 345 ; факс-033,353-105

Набавувачот има потреба од јавна набавка : –

–Чистење на речно корито на река Брегалница : од потегот на м.в „Мерата К.О Зрновци „ до мв . „ Песоклар„К.О Мородвис - и од потегот на мв. „ Калдрм „ К.О Видовиште до мв. „ Видовиште „ К.О Видовиште , во текот на 2015 година

За таа цел, договорниот орган спроведува постапка за доделување на договор за јавна набавка на работи со Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас, која ќе се спроведе во хартиена форма, а ќе заврши со спроведување на електронска аукција, како последна фаза во постапката со барање за прибирање на понуди, во согласност со член 100 став 1 точка 2 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ бр. 136/07, 130/08 , 97/10 , 53/11 и 185/2011 /,185/2011, 15/2013, 148/2013,28/2014,43/2014,130/2014 и 180/2014), за што објави оглас бр.10/2015).

Ве молиме да ни ја доставите Вашата понуда за горенаведениот предмет на договорот за јавна набавка најдоцна до _______.2015 година во ______ часот (по локално време), по пошта на горната адреса или лично со поднесување во архивата на договорниот орган.

Јавното отварање ќе се одржи на ______ 2015 год., во ______ часот во просториите на седиштето на општината во Зрновци . Овластените претставници на понудувачите на јавното отворање мораат да носат овластување потпишано од одговорното лице на економскиот оператор.

Со оваа покана Ви доставуваме тендерска документација која ги содржи сите информации кои ќе Ви помогнат за изработка на понудата.Тендерската документација се состои од следните делови:Инструкции за економските оператори, технички спецификации, изјава, изјава за сериозност на понудата , изјава за независна понуда и образец на понудата.

Однапред Ви благодариме на соработката.

Зрновци — Општина Зрновци

15.10.2015 год. — Градоначалник

Блаже Станков

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

# ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

**2305 Зрновци Тел. +389(0) 33-353-104 Фах 353-105**

ПОЕДНОСТАВЕНА ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ПОСТАПКА СО БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ

*[за набавки со проценета вредност до 5.000 евра]*

ЗА НАБАВКА –

Чистење на речно корито на река Брегалница : од потегот на м.в „Мерата К.О Зрновци „ до мв . „ Песоклар„К.О Мородвис - и од потегот на мв. „ Калдрм „ К.О Видовиште до мв. „ Видовиште „ К.О Видовиште , во текот на 2015 година

Октомври 2015

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

ОПШТИ ИНСТРУКЦИИ ЗА ПОНУДУВАЧИТЕ

**1.Договорен орган**

Договорен орган е Општина Зрновци , со адреса:Илинденска бб, Зрновци ;телефон за контакт:075 389 345 ;033,353- 104; електронска адреса:www.zrnovci.gov.mk

**2.Предмет на Договорот за јавна набавка**

Предмет на Договорот за јавна набавка е:

Чистење на речно корито на река Брегалница : од потегот на м.в „Мерата К.О Зрновци „ до мв . „ Песоклар,,К.О Мородвис - и од потегот на мв. ,, Калдрм ,, К.О Видовиште до мв. ,, Видовиште „ К.О Видовиште , во текот на 2015 година

Детален опис на предметот на Договорот Чистење на речно корито на река Брегалница : од потегот на м.в „Мерата К.О Зрновци „ до мв . „ Песоклар,,К.О Мородвис - и од потегот на мв. „ Калдрм ,, К.О Видовиште до мв. „ Видовиште ,, К.О Видовиште , во текот на 2015 година согласно Акциониот план за чистење на речни корита во РМ, за 2015 година. Подетален опис на Активностите е даден во техничките спецификации во прилог на оваа тендерска документација.

2.1. Предметот на договорот е недделив. Економскиот оператор во својата понуда треба да ги вклучи сите составни делови, во спротивно понудата ќе се смета за неприфатлива.За доделувањето на договорот ќе се спроведе посебна електронска аукција преку електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk)

**3.Начин на извршување на работите**

Носителот на набавката е должен предметот на набавката да го заврши според изготвениот опис.

**3.1Извршување на работите**

Носителот на набавката е должен работите да ги заврши во рок од 20 (дваесет) календарски дена, од денот на склучување на договорот за јавна набавка.

**4. Цена на понудата**

4.1 Економскиот оператор во листата на цени ја внесува цената за секоја ставка од позициите без ДДВ 18 %, онака како што е дадено во техничката спецификација , и вкупната цена на сите позиции.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

**4.2 Разлики во цени (корекција на цени)**

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

**5.Начин на плаќање**

Средствата за реализација на договорот за јавна набавка се обезбедени од Министерство за животна средина и просторно планирање со Договор бр.03-7727/1 од 05.10.2015 год., со кој на општина Зрновци се отстапени 4.000 литри дизел гориво Еуродизел БС од стоковните резерви ,за реализација на активностите предвидени во Акциониот план за чистење на речни корита настанати од последиците од поплавите во РМ во 2015 год.

Плаќањето ќе се врши со дизел гориво Еуродизел БС , односно според понудените цени за работите, вредносно изразени во дизел гориво Еуродизел БС во противвредност според цените на горивото кои ќе важат на денот на склучување на Договорот.

Насочување на горивото од страна на Општина Зрновци на изведувачот на работите ќе се врши врз основа на доставена завршна ситуација за изведбени работи ( уредно изготвена и потпишана од изведувачот, надзорот и Градоначалникот); месечен извештај од надзорот со фотографии; уредно потпишан Градежен дневник; Градежна книга.

Документацијата ќе се доставува до Нарачателот во примерен рок по истекот на периодот за кој се однесува.

**6.Критериуми за утврдување на способност на понудувачите**

За да учествуваат во постапката за доделување на договор, понудувачите мора да ги исполнуваат следниве критериуми за утврдување на нивната способност:

6.1.Лична состојба

-изјава од понудувачот дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација,корупција,измама или перење на пари;

-понудувачот да не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;

-понудувачот да нема неплатени даноци,придонеси или други јавни давачки;

-на понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција-забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

-на понудувачот со правосилна пресуда да не му е изречена споредна казна прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност;

-на понудувачот да не му е изречена споредна казна-забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство;

6.2.Способност за вршење професионална дејност

Понудувачот треба да е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или да припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

6.3.Техничка или професионална способност

Критериуми за утврдување на техничката или професионалната способност на понудувачот се:

6.4.Стандарди за систем на квалитет:

______________________________________________________________________________

**7 .Стандарди за управување со животната средина:**

______________________________________________________________________________

**8.Начин на докажување на способноста на понудувачот**

8.1.За докажување на личната состојба:

-изјава на понудувачот дека во последните 5 години на понудувачот не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење на пари;

-потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;

-потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;

-потврда за платени даноци, придонеси или други јавни давачки од земјата каде економскиот оператор е регистриран и

-потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција-забрана за вршење професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност ;

-потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство;

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

-потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;

Документите од точка 8.1 не смеат да бидат постари од 6 месеци, а се доставуваат во оригинал или копија заверена од понудувачот.Ако договорниот орган се сомнева во документите за утврдување на личната состојба на понудувачот, тој го задржува правото да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната состојба.

8.2.За докажување на способноста за вршење на професионална дејност

-За докажување на способноста за вршење на професионална дејност, понудувачот треба да има на располагање документ за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

-Изјава на економскиот оператор дека располага со механизација - машина со долга стрела (поради непристапност на теренот ) и опременост со работници, како и референца

Согласно со член 102, став 4 од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ бр. 136/07, 130/08 , 97/10 , 53/11 и 185/2011 /,185/2011, 15/2013, 148/2013,28/2014,43/2014,130/2014 и 180/2014), ), понудувачот не треба со својата понуда да ги достави горенаведените документи предвидени со законот како доказ за исполнување на критериумите за утврдување на способност. Наместо тоа, понудувачот поднесува Изјава дека ги исполнува предвидените критериуми за утврдување на способност, која е дадена во прилог на оваа тендерска документација.Договорниот орган ќе побара само од понудувачот кој ќе биде изберен како најповолен понудувач да ги достави потребните документи за утврдување на неговата способност.

**<u>9.Изготвување и поднесување на понудите:</u>**

9.1.Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во тендерската документација, со користење на оригиналните обрасци дадени во прилог.Понудувачот подготвува еден оригинален примерок со ознака =оригинал= .Понудата се пишува со неизбришливо мастило и ја потпишува одговорното лице на понудувачот.Сите страници на понудата, освен за неизменетата печатена литература, ги парафира лицето кое ја потпишува понудата.Секое пишување меѓу редовите, бришење или пишување без претходен текст важи само доколку е парафирано од лицето кое ја потпишува понудата.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

9.2. Изјава за сериозност на понудата

Во прилог на понудата, понудувачот доставува и потпишана изјава за сериозност на понудата, при што треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација. Доколку дојде до прекршување на дадената изјава за сериозност на понудата, истото ќе резултира со издавање негативна референца против таквиот понудувач на начин и согласно условите утврдени во Законот за јавните набавки. Изјавата ја потпишува лицето што ја потпишува и понудата. Доколку лицето што ја потпишува изјавата се разликува од лицето што ја потпишува понудата, во прилог се доставува и овластување за потпишување на изјавата.

9.3.Елементи на понудата

Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

-Образец на понудата

-Предмер-пресметка

-Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на способност

-Изјава за независност на понудата

-Изјава за сериозност на понудата

9.4.Јазик на понудата

Понудата, како и целата коресподенција и документи поврзани со понудата кои се разменуваат со понудувачот, се пишуваат на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо.Придружните документи и печатената литература кои се дел од понудата можат да бидат на друг јазик, под услов да се придружени со точен превод на македонски јазик

9.5.Период на важност на понудата

Период на важност на понудата изнесува 90 (девеесет) дена од денот на отворање за чие времетраење, понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот.Понудите кои содржат покус период на важност од тој утврден во оваа точка од тендерската документација, ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

9.6.Запечатување на понудата

Понуда може да поднесе само понудувач кој има набавено тендерска документација од договорниот орган.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Понудувачот го приложува оригиналниот примерок во запечатен внатрешен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса.

Внатрешниот плик се приложува во запечатен надворешен плик кој:

-е адресиран со точна адреса на договорниот орган,

-го содржи бројот на огласот,

-во горниот лев агол стои ознака =не отварај=, да не се отвара пред времето и датумот за отворање на понудите.

Доколку сите пликоа не се запечатени и обележани како што се бара, договорниот орган не превзема одговорност за затурање или предвремено отварање на понудата.

9.7.Принцип на една понуда

Едно правно или физичко лице може да поднесе само една понуда, без оглед дали ја доставува поединечно или како член на група на понудувачи.Во спротивно, сите понуди во кои се јавува тоа правно или физичко лице се отфрлаат.

**10.Краен рок и место за поднесување на понудите**

10.1.Краен рок за поднесување на понудите __________ г. во __________ часот.

10.2.Понудите се поднесуваат на адреса:Општина Зрновци , ул. Илинденска бб Зрновци .

10.3.Јавното отварање ќе се одржи на ___________ год., во _______ часот.

**11.Отворање и евалуација на понудите**

11.1. Отворањето на понудите е јавно .

11.2.Отварањето на поднесените понуди ќе се изврши на датумот и во часот утврдени како краен рок за поднесување на понудите.

11.3. Комисијата за јавни набавки ќе пристапи кон отворање на понудите доколку е пристигната и само една понуда.Во таков случај нема да се спроведе електронска аукција.Условот за спроведување на електронска аукција е во постапката да се пристигнати најмалку две прифатливи понуди.

**12.Критериуми за доделување на договорот**

Критериум за доделување на договорот за јавна набавка е најниска цена.

**13.Посебни начини за доделување на Договорот за јавна набавка**

13.1. Договорот за јавна набавка ќе се додели со примена на постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас., во хартиена форма, која ќе заврши со електронска аукција.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

13.2. Оваа постапка нема да се спроведува со електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) .

**14.1.Доделување на договорот за јавна набавка**

14.1.Договорниот орган , по спроведената постапка и евалуација на понудите во постапката за барање за прибирање на понуди, договорот му го доделува на економскиот оператор кој понудил најниска цена .

14.2.Во случај да е поднесена само една прифатлива понуда во постапката, договорниот орган може да му го додели договорот за јавна набавка на единствениот економски оператор кој поднел прифатлива понуда.

**15.Известување за доделување на договорот за јавна набавка**

15.2.Пред истекот на периодот за важење на понудата, а најдоцна во рок од 3 дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда, избраниот најповолен економски оператор ќе биде известен во писмена форма дека неговата понуда е прифатена. Во исто време, и сите други економски оператори ќе бидат известени за резултатите од тендерот, одлуката кој е најповолен економски оператор како и за причините за неизбор на нивната понуда.

***15.3 Елементи во договорот кои произлегуваат од спроведената аукција***

***По завршувањето на електронската аукција, и изборот на најповолен понудувач, доколку предметот на набавката или поединечниот дел се состои од повеќе ставки цената на секоја од поединечните ставки ќе се пресметува со соодветно намалување кое ќе биде еднакво на процентот на намалување на цената на првичната понуда на избраниот најповолен понудувач (пред електронската аукција) и цената на последната понуда (по завршувањето на аукцијата).***

**16.Правна заштита**

Секој понудувач кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој Закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштање за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување договор за јавна набавка, во согласност со условите и постапката предвидени со Законот за јавните набавки.

Општина Зрновци

Комисија за јавни набавки

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Врз основа на огласот број 10/2015 објавен од страна на општина Зрновци за доделување на Договор за јавна набавка

Чистење на речно корито на река Брегалница од потегот на м.в „Мерата К.О Зрновци „ до мв . „ Песоклар„К.О Мородвис - и од потегот на мв. „ Калдрм „ К.О Видовиште до мв. „ Видовиште „ К.О Видовиште , во текот на 2015 година во постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас и на тендерската документација која ја подигнавме од договорниот орган, ја поднесуваме следнава:

# П О Н У Д А

**Дел I-Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот:________________________________________

I.2. Контакт информации

-Адреса:_________________________________________________

-Телефон:_______________________________________________

-Факс:___________________________________________________

-Е-пошта:_______________________________________________

-Лице за контакт:________________________________________

I.3. Одговорно лице:_____________________________________________

I.4. Даночен број:________________________________________________

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Предмер-Пресметка бр. 10/2015

За спроведување на јавна набавка Чистење на речно корито на река Брегалница од потегот од потегот на м.в „Мерата К.О Зрновци „ до мв . „ Песоклар„К.О Мородвис - и од потегот на мв. „ Калдрм „ К.О Видовиште до мв. „ Видовиште „ К.О Видовиште , во текот на 2015 година во општина Зрновци .

| Ред.број | Активност | Ед.мера | Количина | Ед.цена без ДДВ | Ед.цена со ДДВ | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Сечење на вегетација и извлекување на истата на брегот на речното корито | час | 1 | | | |
| 2. | Машински ископ и расчистување на нанос, ниска вегетација, комунален и градежен отпад и проширување и продлабочување на речното корито | час | 1 | | | |
| 3. | Машинско порамнување на изнесениот материјал на брегот и формирање на насип | час | 1 | | | |

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Вкупна цена на сите позиции без ДДВ:________________

Износ на ДДВ:____________________

Вкупна цена на сите позиции со ДДВ:_________________

Понудувач:

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

**Дел II-Техничка понуда**

II.1. Ги прифаќаме начинот и рокот за изведување на работите утврдени во тендерска документација.

**Дел III.-Финансиска понуда**

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајки ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува:__________________________________________(со бројки),____________________________________________________(со букви) денари.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува _______________________________________.

III.2.Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација.Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.4.Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација .

Место и датум: Одговорно лице:

_____________ __________________________

( потпис и печат)

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

**Прилог 2 – Изјава за сериозност на понудата**

**И З Ј А В А**

Јас, долупотпишаниот _________________________________________ [име и презиме], врз основа на член 47 став 1 од Законот за јавните набавки, а во својство на овластено лице на понудувачот _________________________________________, изјавувам дека во целост ја гарантирам содржината на понудата и дека понудата е валидна и правно обврзувачка за нас во сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од прекршување на оваа изјава во случаите од член 47 став 6 од Законот за јавните набавки, што ќе доведе до издавање негативна референца од страна на договорниот орган против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

Место и датум                                        Овластено лице

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Во смисла на член 129 став 2 од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ бр. 136/07, 130/08 , 97/10 , 53/11 и 185/2011 /,185/2011, 15/2013, 148/2013,28/2014,43/2014,130/2014 и 180/2014), ), ја поднесувам следна

**И З Ј А В А**

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека, понудувачот___________________________________________ од_______________________ понудата за : Чистење на речно корито на река Брегалница од потегот на м.в „Мерата К.О Зрновци „ до мв . „ Песоклар„К.О Мородвис - и од потегот на мв. „ Калдрм „ К.О Видовиште до мв. „ Видовиште „ К.О Видовиште , во текот на 2015 година

во општина Зрновци **., по Оглас бр. 10/2015 објавен од општина Зрновци** ја поднесувам независно, без договор со други економски оператори спротивно на прописите за заштита на конкуренцијата и не учествувам во истата постапка со други економски оператори со кои сум капитално, сопственички или роднински поврзан.

___________________ 2015 год.

__________________________ Понудувач:

Одговорно лице,

______________________________

(потпис и печат)

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Во смисла на член 102 став 4 од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ бр.136136/07, 130/08 , 97/10 , 53/11 и 185/2011 /,185/2011, 15/2013, 148/2013,28/2014,43/2014,130/2014 и 180/2014), ), ја поднесувам следната

**И З Ј А ВА**

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека, понудувачот_____________________________________________ од________________________ во целост ги исполнува критериумите за утврдување на способноста на понудувачите утврдени во тендерската документација по огласот бр.10/2015 за доделување на Договор за јавна набавка

Чистење на речно корито на река Брегалница од потегот на м.в „Мерата К.О Зрновци „ до мв . „ Песоклар„К.О Мородвис - и од потегот на мв. „ Калдрм „ К.О Видовиште до мв. „ Видовиште „ К.О Видовиште , во текот на 2015 година во општина Зрновци.„ објавен од страна на општина Зрновци , со барање за прибирање на понуди и дека понудувачот ги има на располагање сите документи утврдени во тендерската документација за докажување на исполнувањето на овие критериуми, кои ќе му бидат доставени на договорниот орган доколку нашата понуда биде избрана за најповолна.

__________________ 2015 год.

_________________________

Понудувач:

Одговорно лице,

_____________________________

(потпис и печат)

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)